# М О Л И Т В А

СТАРЕЦ ЕМИЛИЈАН



ДЕНЕС ЌЕ ЗБОРУВАМЕ ЗА ЕДНА ТЕМА ШТО Е ОД ПРЕСУДНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ДУХОВНИОТ ЖИВОТ, ВО КОЈАШТО НЀ ВОВЕДУВА И ЦЕЛИОТ ТРИОД, А ОСОБЕНО ПОЧЕТНИОТ ПЕРИОД НА ПОСТОТ. ... ЌЕ ГОВОРИМЕ ЗА МОЛИТВАТА.

Значи, знаеме ли што е молитвата, и - дали знаеме да се молиме?

Уште како деца се учевме на молитва, но дали нашата молитва се развива онака како што треба да се развива?

Молитвата е од на душата кон Бога со цел да стигне до Него и да се соедини со Него. Ако патот не е исправен, автомобилот или бродот никогаш нема да пристигнат до целта. Ако патот на душата што се моли не е исправен, сфаќате дека никогаш нема да стигне до Бога. Тоа е слично како, на пример, да имаме еден чамец, во кој чамџијата удира со веслата, но всушност не прави ништо друго освен што се врти во место. Истото тоа можеби ни се случува и нам, а ние тоа воопшто и не го знаеме. Треба да вивиме дали нашата молитва е вистинската молитва.

Гледате дека човекот којшто не знае да се моли е всушност еден истрошен човек.

Премин, Рождество Христово 2004

Нема можност да се реализира во животот. Дури и ако е монах, ќе си остане земен човек, и никогаш нема да стане небесен, и уште повеќе, нема да стане ангел,  бидејќи нема да знае да го користи ова средство за движење и пловење, коешто е молитвата.

Според тоа, ни се заканува една непосредна опасност, дефинитивна опасност, заради ова духовно незнаење.

Што е молитвата?

Молитвата е оружје на душата, рековме, но да кажеме уште и тоа дека молитвата е атмосфера во којашто живее душата.



Како што нашите бело-дробни крила вдишуваат воздух, така и нашата душа дише со молитвата.

Зошто дојдовме во манастир? Токму затоа што манастирот е пак, атмосфера на молитва-та. Сè се случува низ молитвата. Ако, значи, оваа молитва не се врши, или се извршува погрешно, тогаш како е можно да бидеме ост-варени и, се разбира, духовни луѓе?

Додека исправна-та молитва, чувству-вате, дека сè до-ведува во ред, за-пира секаква теш-котија, проблеми, агонија, гревови, сè насочува кон добро, и дури, може да направи големи и чудесни нешта на  на-шиот пат, во нашиот подвиг и во нашиот живот.

Доколку го нема-ме во себеси богатството на Духот, ако го немаме богатството на ра-доста, богатството на мирот, ако немаме дарови коишто се веднаш воочливи и големи, тоа е зара-ди тоа што не ги са-каме или затоа што не знаеме да се молиме; и ако сакаме - „посакувате и немате“, како што многу убаво вели братот Господов Јаков -  и не-мате „оти не барате“, бидејќи не бараме, а ако бараме - погрешно бараме, како што рековме пред малку; „затоа што погрешно барате“, како што повторно, вели апостолот.



За нас монасите, особено е погодна умствената молитва, Исусовата молитва, кратка, збиена, ако може така да се каже, молитва со којашто осо-бено ќе се позанимаваме во времето на овој Голем пост. Оваа наша дене-шна катихеза ќе има уводен карактер, и пред да навлеземе во поединостите и појдовните точки и основите на умната молитва, да кажеме неколку ра-боти за молитвата воопшто. Бидејќи, молитвата е сè. Меѓутоа, ако не ја знам, како што ви кажав, не сум направил ништо, и се преминува во ко-нечна пропаст, самоуништување.

Сега, ќе ми дозволите, пред да почнам, а кажам нешто. Ми се чини навистина, отци мои и браќа, дека не се молиме, или дека и ако се молиме, дека не се молиме доволно, а и тоа малку што се молиме, е молитва без умешност, без сила, без здив, и пред се, без Дух. Оти, само кога Духот се моли во нас е можно нашата молитва да се вивне горе на небото. Оти, во Духот е молитвата, и Духот го разбира духот, и се соединува со него а не со тело. Нашата молитва ја нема силата и присуството на Духот. Обично не магнетизираат и нашата душа ја влечат работи коишто денес ни изгледаат привлечни, и на крајот забораваме дека монах значи молитвеник.

Што е значи, молитвата? Денес би требало да кажеме како се врши молитвата, за да започнеме еден поконкретен подвиг. Ова е од големо значење за нас кои сме дојдени од Метеорите, оти ние си заминавме од нашето место не заради нешто друго, туку затоа што немавме услови и можности за духовно развивање на нашата душа, бидејќи имавме тешкотии во молитвата. И додека толку копнеевме по неа, се сеќавате дека на крајот престанувавме и да разговараме, бидејќи имавме премногу тешкотии за да можеме да се молиме. Но, сега дојдовме на Света Гора, и ниедна причина не може да не оправда ако не се молиме, и секако, ако не се молиме многу силно. Нашето заминување и доаѓањето на Света Гора нема апсолутно никаква смисла ако навистина не сме молитвени личности во Светиот Дух. Нашето доаѓање на Света Гора било една обична измама на светот и илузија и залажување на Бога, ако не станеме особено молитвени луѓе. Заради тоа посебно би ве замолил да обрнете внимание на темава.

ВНИМАВАЈ НА СЕБЕ. НИТУ НА ОНА ШТО Е ТВОЕ НИТУ НА ОНА ШТО Е ОКОЛУ ТЕБЕ, ТУКУ ПАЗИ САМО НА СЕБЕ. ОТИ ЕДНО НЕШТО СМЕ НИЕ САМИТЕ, А ДРУГО ОНА ШТО Е НАШЕ ИЛИ ОНА ШТО Е ОКОЛУ НАС. НИЕ СМЕ ДУША И УМ, БИДЕЈЌИ СМЕ СОЗДАДЕНИ СПОРЕД СЛИКАТА НА СВОЈОТ СОЗДАТЕЛ. А ОКОЛУ НАС СЕ БОГАТСТВАТА И УМЕТНОСТИТЕ И СИТЕ ОСТАНАТИ ТЕПКОТИИ НА ЖИВЕЕЊЕТО (СВ. ВАСИЛИЈ ВЕЛИКИ)

НИКОЈ ЈА НЕМА СВЕТОСТА САМ ПО СЕБЕ, И ТАА НЕ Е ЗАСЛУГА НА ЧОВЕЧКАТА ДОБРОДЕТЕЛ, НО СИТЕ ОНИЕ ШТО ЈА ИМААТ ЈА ДОБИВААТ ОД НЕГО И ВО НЕГО. ТОА Е КАКО ПОВЕЌЕ ОГЛЕДАЛА ДА СЕ ПОСТАВЕНИ ПОД СОНЦЕТО: СИТЕ СЕ ТИЕ СВЕТЛИ И ИСПУШТААТ ЗРАЦИ, НО ВСУШНОСТ САМО ЕДНО Е СОНЦЕТО ШТО ГИ ОСВЕТЛУВА СИТЕ
(СВ. НИКОЛА КАВАСИЛА)




Пред сè, зборувајќи за молитвата, треба да кажеме дека молитвата никогаш не е сама. Не можам да кажам дека се молам, ако мојата молитва не е поврзана со нешто друго, како што сме рекле многупати. Има некои работи што секогаш одат заедно и не можеш да ги одвоиш едните од другите. На пример: кога апостол Павле зборува за верата, зборува само за верата, а не и за делата. Зошто? Затоа што, кога вели „вера“ ја подразбира верата што постои и се потврдува во делата. Кога пак, Јаков зборува за делата, вели дека верата без нив не значи ништо. Тој постојано зборува за делата. Зошто? Затоа што делата се потврда на верата. Овие две нешта се значи меѓусебно поврзани.

Истата поврзаност ја има и кај другите работи. Молитвата е исто така поврзана со нешто друго, а тоа е: богослужбата, и секако, Светата Причест. Ако нема богослужба и Света Причест, невозможно е да има молитва. Во тој случај секоја молитва е лажна. Ако има богослужба а во нас нема силна духовна молитва, внатрешна, снажна, огнена молитва, бидете сигурни дека и богослужењето и Причеста се залудни, и дека тоа е просто фрлање кал во очите на Бога, и сето тоа за да се преправаме дека Го сакаме, додека всушност немаме никаква врска со Него, и еднаш ќе ни рече: „Не ве познавам“. (**продолжува**)